Соработката помеѓу владите, граѓанските организации и приватниот сектор во спроведувањето на Конвенцијата на Обединети нации против корупција (УНКАК) и вториот циклус на нејзината ревизија беа во фокусот на работилницата што се одржа од 24 до 27 септември 2018 г., во Белград, Р. Србија.




Вкупно **65 претставници на институции, на граѓански организации и на приватниот секто**р од девет земји од Југоисточна Европа **зборуваа за важноста на соработката** помеѓу нив во развојот на државата и борбата против корупцијата.

Претставници од Канцеларијата на ОН за дрога и криминал ги презентираа одредбите од главите 2 и 5 од Конвенцијата и дадоа насока за подобро следење и известување за имплементацијата и ревизијата на Конвенцијата. Ова треба да осигури дека **спречувањето и искоренувањето на корупцијата ќе биде високо на националните агенди на сите земји**. Покрај дискусиите за важноста на вклучување на граѓанскиот и приватниот сектор во овој процес, беа споделени и интересни искуства, научени лекции и добри практики во следење на корупцијата во сите земји.

Конвенцијата на ОН против корупција е **единствениот правно обврзувачки, универзален инструмент за борба против корупција**, и нејзиниот член 13 го повикува целото општеството активно да се вклучи во борбата против корупцијата.

МЦМС во рамките на проектот Следење на анти-корупциските реформи ја следи

вклученоста на граѓанските организации во вториот круг на евалуација, а ќе подготви и Извештај во сенка за спроведувањето на Конвенцијата.

Работилницата ја организираа Канцеларијата на ОН за дрога и криминал (УНОДЦ) и Коалицијата на граѓански организации УНКАК. Претставници на МЦМС беа Снежана Камиловска Трповска и Наташа Иваноска. Работилницата ја отворија претставници од Министерството за правда на Р. Србија, Австриската агенција за развој, Регионалната иницијатива за антикорупција и Европската Банка за реконструкција и развој.